**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Бр.08-5903/23**
**13.11.2020 година**
**К а в а д а р ц и**

# З А П И С Н И К

За работата на 49-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 13.11.2020 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

**Ја отварам 49-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.**

**На седницата присуствуваат 17 советници и уште двајца ќе ни се приклучат во текот на седницата.**

**Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.**

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од **48-тата** Седница на Советот на Општина Кавадарци одржан на ден **27.10.2020** година.

Дали има забелешки по Записникот од 48-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци? Нема. Имате ли вија ливчиња? Кај мене нема Доколку нема кој е за усвојување на Записникот од 48 –та Седница на Советот на Општина Кавадарци Едногласно ЗА сите. Благодарам.

**Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :**

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;

2. План за програми за развој за 2021 година;

**3.** Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП.бр.41/20 поведен Основен суд Кавадарци;

**4.** Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци;

**5.** Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

**6.** Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.527 КО Крњево во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

**7.** Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачје на град Кавадарци;

**8.** Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**9.** Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**10.** Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**11.** Одлука за донација на Синдикална организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**12**. Програма за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен Одбор на Локален Музеј Галерија Кавадарци ;

**13**. Извештај со арх.бр.0501-6/20 од 29.10.2020 година, од работата на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2020 година ;

**14.** Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? 19 ЗА. Едногласно .Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 15**

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за примање донација – материјално добро изразено како сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци **;**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА?. Едногласно .Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 16**

- Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци **;**

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-383/3 од 27.10.2020 година за давање на трајно користење на движни ствари-арматура флоу сијалици, без надомест **;**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно. Благодарам.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 17**

- Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-383/3 од 27.10.2020 година за давање на трајно користење на движни ствари-арматура флоу сијалици, без надомест **;**

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**;**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно **.**

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 18**

- Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**;**

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за примање донација материјално добро – тампон од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци**;**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно. Благодарам

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 19**

- Предлог-Одлука за примање донација материјално добро – тампон од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци**;**

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (Пазар) ;;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно **.**

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка реден број 20**

- Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (Пазар)

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (спорт.сала ООУ„Страшо Пинџур);;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка со реден број 21**

- Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (спорт.сала ООУ„Страшо Пинџур)

**Констатирам Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци;**;**

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е ЗА? Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка со реден број 22**

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци;**;**
- **Дали има други предлози за измена и дополнување на досегашниот дневен ред?**

Доколку нема ваквиот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е ЗА? Едногласно .

Одиме со:

**1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;**

Отварам расправа.Доколку никој не бара збор точката ја ставам .Се извинувам колешке. За збор Божанка Минова.

**БОЖАНКА МИНОВА:**Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет , колеги советници, почитувани медиуми сакам да направам еден осврт на ребалансот на буџетот во кој што очигледно е дека имаме прилично големо ребалансирање како на приходниот , така и на расходниот дел, од кој што од планираните 503 000 000 намалено е на 382 000 000 , ,грубо кажано со разлика од 121 000 000.На приходната ставка очигледно е дека ребалансирањето се врши повеќе во делот на трансфери во други нивоа кои што од 106 000 000 се ребалнсира на 88 709 000. Ребаланс имаме и во делот на донациите така позамашен од 7 000 000 некаде. Извинете од 76 000 00 на 42 000 000, а во делот на расходните ставки имаме ребаланс така поочигледен во урбанистичкото планирање од 4 000 000 некаде на 2 000 000 Потикнување на развојот на туризмот исто така и тука имаме ребалансирање од 3 000 000 на 1 600 000 , изградба на комерцијални објекти од 129 000 000 некаде на 92 000 000, изградба и реконструкција на локални патишта и улици од 169 000 000 на 103 000 000. Ние минатиот Совет го дискутиравме, ја дискутиравме оваа потреба од ребалансот којашто произлегува нели од состојбите кои што ни се случуваат во овие моменти не само кај нас туку во целиот свет, меѓутоа како заклучок од оваа состојба на ребалансирање на приходите и расходите заради нели извршување на буџетот во планирањето на намените на средствата може да се костатира дека во наредното планирање во буџетот за 2021 година да не се оди со преголемо планирање во делот на донациите како и од приходи кои што се очекуваат од повисоки нивоа бидејки, тие и малку се понеизвесни приходи, и тоа, а тоа ќе ни ја апдејтира и расходната ставка Благодарам .

Дали бара друг збор?Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање .Кој е ЗА? Колешке вие ? ЗА. Едногласно.

**2. План за програми за развој за 2021 година;**

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е ЗА? 19 ЗА .Едногласно. Благодарам.

**3. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судскиот предмет ВПП.бр.41/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;**

Кој е ЗА? Едногласно .

**4. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/19 поведен пред Основен суд Кавадарци**;

Кој бара збор? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање Кој е ЗА? Едногласно.

**5. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.1243 КО Раец во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;**

Отварам расправа . Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање Кој е ЗА ? Едногласно .

**6. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.527 КО Крњево во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;**

Отварам расправа . Кој бара збор?Нема за збор. Точката ја ставам на гласање Кој е ЗА? Едногласно.

**7. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачје на град Кавадарци**;

Отварам расправа.Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање Кој е ЗА? Едногласно. Благодарам.

**8. Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;**

Отварам расправа. За збор Туриманџов, па Душица , па Минова.Повели Туриманџов.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Благодарам Претседателе, Почитуван Градоначалниче , Претседателе, колеги советници, и медиуми, граѓани на Општина Кавадарци.Пред два или три совета исто ова точка беше на дневен ред и тогаш се договориме нешто и изгласаме, сега истата точка се става повторно на дневен ред, колку што ме држе памтењето ова ѐ трет

пат .Првиот пат изгласавме, ама Комуналец си направи грешка, па не знам ставија по втор пат, па сега по трет пат.Еве вака.Прошлиот совет кажав дека ќе гласам ПРОТИВ, ќе гласам пак ПРОТИВ. Кажав дека у време на пандемија светска, на економска криза, кај што луѓето мака мачат да си ги прехранат семејствата , да му ја качиме водата мислам дека не е во ред. И сега после мене може ќе испадне Градоначалникот и ќе рече Регулаторна , закон, правото е така , мора така да биде, па ќе ни ја туреле 30 денара воата, нема да биде 30 денара бијте сигурни у тоа. Значи Кавадарци и понатаки ќе има најефтина вода за пиење,пошто нашите предци мислеле многу повеќе од нас и водоводниот систем е така направен Кавадарци не користе вода со пумпи па да плаќаме струји итн. итн Еве вака сега Ако се довејме во ситуација да не казнат и според мене не треба да го казнујме народот и не може менаџерскиот тим на Комуналец да се крие позад Совет и за се едно да плаќа народот.На име на вија народ кавдаречкиот, 2 000 000 евра грант зееме. На име на вија народ зееме кредити за возила, зееме кредити сега и за Централа. Сето тоа е да се праве и треба да се праве. Е сега да ви објаснам и пред да почнам ќе ве замолам советниците наредниот пат вија Извештајот на Комуналец нека ви го доставуат во пишана форма, не по електронски пат и најубаво беше ка ни го даваа матерјалот во пишана форма. Има таму ногу убави работи да се видат и ја мислам дека Претседателе и до тебе еден апел да не пуштате виќе мејлови.У петок е Советот, ви у четврток до вечерта ни пуштате мејлови. Напрајте го тоа .Ако е у петок Советот, до вторник, до среда, па луѓето да ги глеат мејловите . Еве вака сега . Ќе почнам со ред. Значи вака. Еве ќе го зеам одделение за одржавање и механизација . Имат неколку ставки шо воа одделение правело у Комуналец. Тоа се негде 12, 13 работи. Промена на потисна плоча, ребрас каиш, значи минимални работи се тоа .

**РИСТО САКАЛИЕВ:**Колеги можеме ли тоа у извештајот да го воведиме за да не

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Мислам Претседателе

**РИСТО САКАЛИЕВ**: Во друга точка.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Мислам Претседателе пракса беше ако се четири точки Комуналец да ги дебатираме сите заедно, папосле да ги гласаме

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Е па може и така .Овие шо се

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Мислам ни тоа стално го прајме

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Важи.Значи одиме со заедничка расправа по сите точки, а поединечно да ги гласаме. Се слагам така Е така

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Е така. Ќе извиниш Претседателе. Е сега да го најдам само воа.Ќе извините малце една минутка . Секунда е воа.Значи рекоме механизација така , минимални работи направиле. За резервни делови имат потрошено мислам дека околу 4 000 000 денари. 4 000 000 денари имат. Еве го . За резервни делови 4 000 083 денари за 2020 година. Тоа се 9 месеци. Ако вија 13 ставки коштат 4 000 000 денари за резервни делови, а пази овој Совет и новиот Градоначалник се заложиме да се купат нови возила. Нови возила. Значи тие нови возила по сила на законот најмалце 3-4 години никаков дефект не треба да имат . Овој Совет, овој Градоначалник го избоксуваме тоа, кредит зееме па и купиме за доброто на граѓаните на Кавадарци. 4 000 000 денари 13 ставки, уље промена филтер промена, воа мислам дека не е у реду. Е така И сега ви ќе ми кажујте дека народот треба да го плате воа. Не бе . Нека не казнат, нека го казанат Комуналец, менаџерскиот тим треба да го казнат. Еве сега ќе ви кажам друго. Одделение за јавни набавки у извештајот напишале само колку тендери спровепиле. Е воа е тоа ливчето. Па напииште бе луѓе кои фирми го зеле тендерот, па да вијме колку кавдаречки фирми има тука , па колку пари, па нека видат луѓето, нема што да кријте.Зошто да кријте? Зошто еден лист јавни набавки? Е сега друго Дистрибуција на сметки, за ѓубре падната му е наплатта. Сеа ќе речат корона, воа беше, ноа беше, не ќе да е така и тоа. И уште . Ќе ви кажам друг податок.За гориво 2019 година е потрошено 6 700 000 де-на-ри за гориво.2020 има 4 000 000 ама ќе го стигнат и , ќе стигнат до 6 000 000. Е вака сеа ќе ви кажам, да знајте само Комуналец има околу 51 или 52 возила . Се на се таму спаѓат и механизација , машини, камиони и од тија пеесет и два –три, 25 се леки коли, моторчиња, такви работи. За 2019 година шо го потрошиле воа гориво е 130 000 литра. 130 000 литра на 25 возила да ги туриш. Знајте ли колку е тоа по возило? 5000 литра Ја мислам не е нормално Градоначалниче 7 000 000 денара за гориво и ви ќе ми кажујте тука дека народот воа сеа треба да го плате . Апел до колегите советници матрејалот зимате си го у пишана форма. Има доста шо да вијте. За мене не е нормално бе да потрошиш на 25 возила 7, псс 125 000 литра, 125 тона

нафта е бе тоа. Отворите си ги очите таму, вијте кој шо праве со тоа гориво, вијте шо се работе таму. Ја не го укривуам никој, не е нормално. Не е нормално трактор да троше толку, а бе не е нормално камионче да троше толку. Нови возила ијме бе луѓе .И ви сте запнале воата да му ја качујте на народот. Народот треба да плаќа за воа. Не бе ќе си плате менаџерскиот тим Ако го казна, нека го казниме менаџерскиот тим Ќе гласам ПРОТИВ поради воа.

**РИСТО САКАЛИЕВ** :Колеги вака. Ајде да одиме вака сите колеги па Градоначалникот да не го шетаме 5 пати така? Или па , да даде објаснување, па да не се повторујме како колеги бива?Ајде . Да не се повторуваме, ако се вклопи ти во тоа прашање, ако има одговор да не го повторуватеПовели Градоначалник

**ГРАДОНАЧАЛНИК:**Почитуван Претседател , почитувани советници, почитувани сограѓани на Општина Кавадарци.Внимателно го слушав излагањето на советникот Туриманџов. Во делот на она кое што го има како точка за регулирање за цената на водата за 21-23 година и загрижувањето на советниците во делот на регулаторна комисија можам да најдам некое разбирање и да дискутираме , али за жал законите во државата се такви како што ги предвиделе државотворците и Уставот, меѓутоа и Регулаторна Комисија Она другото, од другото изнесување е дека сме купиле нови возила во јавното претпријатие Комуналец, дека сме потрошиле ногу гориво итн. Немам намера да го оправдувам Комуналец, меѓутоа тврдам одговорно дека јавното претпријатие Комуналец најдомаќински, најтранспарентно, најобјективно сите трошкови кои што ги има направено ги прави по протокол и врз основа на извршена услуга за граѓаните и само за граѓаните.Господине Туриманџов ние имаме купено 6 возила, неаме 66, а јавното претпријатие има 55. Не е точно дека од 55, 25 се автомобили, 25 се товарни возила , немој да ги ставате луѓето во заблуда , ќе испадне воа дека е такси компанија , не јавно претпријатие Комуналец. Автомобили патнички во јавното претпријатие Комуналец има само 8 за сите служби.Единствено јавно претпријатие кај што има еден Директор, може тоа да си го проверите заедно со твојте соопартијци, да видиш во Охрид колку директори имате во јавното претпријатие, да вијте во Струмица колку има,во Скопје , во Велес. На секој сектор Директор имате. Ние имаме еден директор на сите сектори и на Водовод, и на канализација, и на градски гробишта, и на хигиена и на

зеленило.Јавното претпријатие работе многу објективно, тоа граѓаните го гледаат и е приметливо во Општина Кавадарци Од санирање дефекти , до реконструкција , до изведба на само изведба до 8000 метра годишно цефковод во делот на водовод, канализација, атмосферска канализација со сопствени средства со сопствени капацитети. Јавното претпријатие располага со 4 скипа.Кога дојдовме имаше 2 .Сега има 4 скипа Дали вие знајте , еден скип кога работи 8 часа колку гориво троше. Јавното претпријатие располага со два булдужериЕдниот булдужер е на депонијата константно, кадешто го врши ги врши потребите за депонијата. Другиот булдужер од месец мај па се до 15 дена работеше на земјоделска патна инфраструктура. Јавното претпријатие Комуналец овие средства не ги зима од граѓаните, пред нашиот мандат , претходниот состав имаше програма и буџет , видете го и тоа за зеленило од 2 000 000 денара. Ние сега како Општина на јавното претпријатие му плаќаме 16 000 000 денара за зеленило. Ние како Општина на јавното претпријатие му плаќаме по однос на одржување на локални , земјоделски патишта и селски патишта 3 000 000 денари.Претходно тие ставки не постоеа, претходно во јавното претпријатие немаше градежна група, претходно тоа го работеа трети лица што чинеше пута 3. Јавното претпријатие 4 000 000 денара што потрошило за одржување на 65 возила . Тоа е најминималното што може да се направи, а не дај боже дали знајте ако се направи само еден дефект на едно возило, возило во делот на механизацијата која што, значи градежно возило како скип, булдужер или не знам што, може да кошта и 2 000 000 и милион денара дефект. Возилата кои што ги имаме купено нови, гаранцијата трае 2 години или 3 во зависност од возилото. За време на гаранцијата, господине Туриманџов ние мењаме филтри,уље, плочки , гуми , потрошен матерјал е тоа возило, не стои. Гаранцијата не ти дава тебе да возиш и да не менуваш ништо. Напротив треба да го сервисираш тоа возило. Така да горивото повикувам јавно доколку некој сака и има потреба да си го провере во целос, а и уште една работа да ја земете во обзир дека горивото е берзанска цена , ние можеме да потрошиме и 5 000 000 денара гориво да купиме 100 000 литра, а можеме и за 5 000 000 денара да купиме 70 000 литра, зависи по која цена е на берзата и на бензиска пумпа. Така да 130 000 литра гориво за јавното претпријатие спореди го со минативе години 8 , пред да бидеме ние на мандат и ќе ти биде јасно дека сме со 60 , ако не 60, 50 посто помалку гориво во потрошувачката , а со 200 посто ефективност на јавното

претпријатие Комуналец. Не викам дека е идеално, не викам дека тија менаџерски тим може и повеќе, меѓутоа ако мислите дека можете или било како, вие сте Совет , јас сум Градоначалник, таму има Управен Одбор , има Директор, си има раководители на сектори кои што мислам дека треба да ги почитуваме малку , тие работат јавни функции, работат за плата во интерес на граѓаните и нивниот труд и напор кој што го прават треба да го цениме , а не да даваме лажен публицитет на луѓето како што некој го праве тоа на и друг начин за да ги деградира . Јас не би сакал ниту еден, кој што транспарентно и чесно си ја врши работава , да го деградираме и да дебатираме на такви теми. Имаме многу други теми каде што можеме да заштедиме и направиме , не во јавното претпријатие Комуналец. Во делот на водата која што е главна точка дека три пати ја носиме истата одлука, односно ја менуваме одлуката ја носиме , ја тука сакам да појаснам и кажам дека ниту еден во оваа просторија , вклучувајќи ве и Вас и мене и сите други советници , без разлика на политичка партија , определба и било што , не се за покачување на водата . Ниту јавното претпријатие Комуналец не е за покачување на водата, тоа мора да го кажиме јавно, меѓутоа Регулаторна Комисија кога предвидува Трошковник за 4 години, да предвидиш цена, значи тука многу добро ви пишува во точката . Тоа е точка 8 Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на јавното претпријатие Комуналец Кавадарци за период 21-23та донесена од Управен одбор по препораки на Регулаторна Комисија . Значи ова е Тарифник. Ние не значи дека утре тарифникот го спроведуваме и го правиме. Може за 7 месеци или за година дена Регулаторна Комисија ќе донесе нов Правилник, па ќе мора да го изгласаме новиот Правилник. Немојте на ситни работи да политизираме и да фаќаме дневно политички поени. Напротив водата во моментот во Кавадарци е најефтина во цела држава . Тоа не е благодет само што ја добиваме по градационен систем без извлекување на вода со пумпи или со електрична енергија . Тоа е благодет на уште една работа кај што имаме 4 мини хидро централи кои што носат приход во јавното претпријатие Комуналец. Тоа е благодет на тоа што успеавме и успеав како Градоначалник да ги стајме четрите мини хидроцентрали под фитинг тарифа, да имаме повластена продажба на електрична енергија , тоа е благодет на домаќинското работење на јавното претпријатие Комуналец, пошто нема долгови, нема заостанато плати , нема заостанато придонеси, к-15 земаа вработените и со тенденција на покачување на платите на

општите работници , тоа е благодет на она што ќе го изградиме како петта мини хидро централа и која што точка е ставена тука да ги ослободиме од комуналии, да можат да ја изградат и од утредента ќе добиваат од самото водоснабдителниот систем, тоа е благодет на домаќинското работење и исполнување на Програмата на Општина Кавадарци . Вие знаете дека до пред некои три години не се миеја улиците во Општина Кавадарци, знајте дека имавме рачно пометување и прашина во централното градско подрачје , па да не зборувам подалеку,.Знајте дека немавме колекторски систем, знајте дека имавме по 10, 15 куќи кои се поплавуваат.Да , сега се мијат редовно улиците , се чистат редовно улиците , ѓубрето не го остаивме како Град Скопје во време на пандемија да се смрди цел град, напротив со дополнителни контејнери , со дополнителни луѓе , со доблеста на тие луѓе таму во време на карантин, полициски час и пандемија го фрлаат 3 пати ѓубрето, дури ги задолживме и на луѓето во изолација да им го фрлаат ѓубрето од пред нивните врати и ниту еден не не врати за таа работа. Така да мислам нашето комунално претпријатие можеби треба да го анализираме за пример во државата , а Регулаторна Комисија е составена и направена само од една работа, баш заради ова, да не јас , ти, тој или било кој се натегаме тука и измислуваме топла вода колку треба да биде цената на водата за водоснабдување. Тоа беше минато време каде што пред политичка кампања или пред изборна кампања ќе испадне Градоначалникот и ќе каже јас ќе ја намалам цената на водата за 30 посто за да добие 1000 гласа, е сега не може да го правиш тоа .Сега е за тоа Регулаторна Комисија последниве 4 години каде што ти дава минимална цена и максимална цена . Јас како Градоначалник и вие како Совет верувам дека ќе се бориме секогаш да биде минималната цена на фактурите на жителите на Општина Кавадарци. Значи ниту во еден случај нема да биде повеќе од минималната цена која што ни ја препорачува и ни диригира да ја ставиме Регулаторна Комисија и уште едно да ти додадам. Во делот на Бошавијата, знајте каде е Бошавијата, тоа е село Бошава,Крњево,Чемерско, Конопиште,Мрежичко, Бојанчиште. Дали знаете дека 2 пати неделно го фрламе ѓубрето од таму, дали знаете дека едно возило од јавното претпријатие Комуналец не ќерка да отиде да ја сврте само таа релација и да се врате, да праве 200 км и троше 100 литра гориво на дневна основа . Неаме тука никаква рентабилност, меѓутоа од пред 7 месеци ние го фрламе ѓубрето од секое едно можно село, го

работиме истото во Сопот, истото го работиме во Дреново, го работиме во Бегниште . Претходно на тие луѓе

не му се исфрлуваше отпадот од дневните потреби , значи имаме многу зголемен обем на работа во делот на јавното претпријатие . Ќе направиме една анализа добра , ќе ја обелодениме и мислам дека ќе паднат во вода тезите дека трошковите се големи во јавното претпријатие.Благодарам

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:**Вака. Огромно излагање направи Градоначалникот, значи добро е. Има поента мојта дискусија . Градоначалниче дека точно знам шо зборуам , знам Ете и читам колку возила се, точно знам колку се . Ако нешто знам, знам и камионите колку трошат и како трошат и зошто трошат . Јас не реку дека некој , нешто праве , него за мене е тоа голем трошок и нека си седнат , нека си видат . Ни име спомнав, ни некој го обвинив дали нешто правел или не правел. Седните си , виите си.Имате. Градоначалникот има приватна фирма , голема компанија , сигурно не дава и повеќе возила има од Комуналец, сигурно не дава за резервни делови 70 000 евра, ја сум убеден у тоа и не може да ме убејте дека не е така . Вијте си го и тоа Вијте си ги и тоа Па имате трошок од други лица. И таму имате 70 000 евра. . Вијте си го и тоа. Па ќе кажам , не го обвинувам никој. Градоначалникот Ви го спомна тука Охрид, таму кои градишта, Дебар, Кичево, таму шо спомна друго Ако сакаш Градоначалниче да прајме за кадрова политика у Комуналец и тука сум спремен да разговараме . За Жал на вија град СДСМ градоначалник немал никогаш за град, за жал, за штета , тоа е , ама Градоначалникот кажа тука како Комуналец пометувал , шо му е работата на Комуналец? Тоа му е основната дејност на Комуналец да го собира ѓубрето, вода да ни испорача. Мене ми е многу драго шо вија Совет и Градоначалник успеа Комуналец да го напрае вакво претпријатие како шо е сеа. Ја само даам насоки. Проверете си ги вија работи. Има и други работи. Проверте се убаво. Ја не реку дека некој нешто праве. Вијте.Да ме убедиш мене дека 5000 литра може да истроше еден камион. Тоа мало морген. Не бива таа работа Друго.Градоначалниче почитуван за кадровата политика треба да се обратите во вашта партија . 11, 8 години беше Александар Панов, цел менаџерски тим и како ќе се раководе Комуналец беше тамуНе беше во СДСМ Значи за 8 години ако си симпатизер у тоа време на опозицијата, знајш кога ќе те примат у Комуналец да

работиш?Никад. Никад. Така да не ни ја префрлате нас топката. Таму некој друг го воде орто, го водеше орто 8 години.

Некој друг го направи Комуналец да биде такво , какво шо е претпријатие.Среќа шо ги иаме централите Среќа шо ги иаме централите ка град. Ако не се централите ни ќе бииме најслабо претпријатие комунално у Македонија , па шо сакат нека прават после Треба да знаат виа луѓе , граѓани на Кавадарци дека само хидроцентралите носат профит, друго ништо И друго ќе ви кажам, а префрлате топката , партии, јас у мојта дебата ни партија спомнав, ни, ни ништо.Кајште ми еден човек шо е член на СДСМ па у раководните структури на Комуналец. Нема. Нема И сега после сето воа Градоначалникот вика не ловите ситни политички поени на теми од овој, овој карактер, па Регулаторна по закон, минимално а покачи и електричната енергија , минимално по закон, па ВМРО оде на протести у Скопје , го блокира главниот град . Значи у мојта дебата не спомнав ни една партија , не спомнав, мене ми е мило шо Градоначалникот испадна , сум му побудил некој интерес у дебата.Пак ќе кажам менаџерскиот тим ако го казнат Комуналец треба да си ја сносе целокупната одговорност.Ни за ваа точка еднаш гласааме, они си направија грешка.Сега нивната грешка , треба да се покријме ни и ви. Ќе ве бележат у Кавадарци како луѓе шо му ја качите воата у време на пандемија , а менаџерскиот тим нека си најде модел, тоа шо е планирано , нек си , калкулација нек си напраат, нека си го плате Комуналец, а не граѓаните на Кавадарци. У време на светска пандемија , па ај да ве виам како ќе изгласате да му ја покачат воата.Благодарам

**БОЖАНКА МИНОВА:** Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, почитувани колеги советници, почитувани медиуми бидејќи се зборува за една точка или повеќе кои се поврзани, а станува збор за Комуналец. Јас би сакала да реплицирам на господинот Туриманџов во однос на тоа дека секогаш кога излегувам на говорница политизира. Зошто?За некои работи , за кои шо сакав да обрнам внимание да даде одговор Градоначалникот јас само би сакала да се задржам на делот на како што рековте за цената на водата. Всушност да не го замајуваме градот Кавадарци и нашите жители дека всушност ние сме тие што ја формираме цената како што објасни Градоначалникот дека Тарифникот доаѓа од Регулаторна Комисија , но Регулаторна Комисија е од Влада на СДС. Истата таква слична Регулаторна Комисија ја покачи цената за

струјата .Исто од Владата на СДС.Постојано повторувате во екот на пандемијата јас нема да бидам тој што нема да гласа Ќе бидам против за граѓаните ,јас не знам колку е вас жал за граѓаните , меѓутоа пандемијата е сега и ќе оди , па ќе дојде нешто друго . Знаеме сите дека сме во рецесија, знајме како ни се фирмите .Сите со кое темпо работат, колку се јаки . Во моментот сега да ја спомниме пандемијата , меѓутоа не треба вака да си играме со чувствата и емоциите на граѓаните , не треба да ги залажуваме . Треба да им објасниме дека , а всушност после мене барам да се изјаснат , има и претставници од јавното претпријатие Комуналец, да објаснат да не бидеме сватени по грешка и да не ги ставиме во заблуда . Значи Регулаторната дава цена , од ваша Влада како што реков, па ако му е до граѓаните дека е пандемија , зошто не седнела да размисли дали тој Тарифник дали одговара во моментов сега.Значи не е наша грешка . Ние сме ставени пред свршен чин, како советници ,значи треба да одлучиме во името на граѓаните . Тоа да не биде онака , како што вие го претставивте во друга смисла . Исто така би сакала да спомнам дека и би сакала да ја пофалам администрацијата баш сега, за тоа што во време ни стигаат добро подготвени сите предмети и извештаи, кои што треба да ги раззгледаме, а тоа дека треба да бараме пишана форма, а не електронска , напишаното и во електронска и пишана форма е исто . Доколку напишаното што ви го даваат во вашиот штаб го додадете на ова што е додадено тука , тогаш сигурно ќе ви биде нешто појасно. Јас не би сакала да разговарам на оваа тема , бидејќи не сум вработена во ЈП Комуналец меѓутоа имам сознанија дека Претседател на Управниот Одбор на ЈП Комуналец е СДС, а вие сами кажавте дека дефинитивно вие немате ништо и дека сите што се во Управниот Одбор на ЈП Комуналец се претставници на СДС, а да ви спомнам за минатата седница дека вие за 2 члена на ВМРО ДПМНЕ наводно , не ни ги знаеме во наводници направивте уки буки ни одземавте саат ипол време за нешто што не беше битно и не беше точка на дневен ред . Значи колега Туриманцов и почитувани граѓани ВМРО ДПМНЕ секогаш е во името на граѓаните да ги донесе соодветните одлуки односно зборувам за нашата советничка група, после доброто објаснување од страна на Градоначалникот , а грев е да се каже дека во пандемијата кај нас дека сметот и дека водата и дека се што поврзува со работењето на Комуналец и со дополнителни активности , коишто ги работеше Комуналец да се фрла сенка и дамка за политички поени , земете го примерот со Градоначалникот Шилегов во Град Скопје ,

каде што се давеа во смет , во време на пандемија и каде што можеше да избие една еколошка бомба. Не би завлевала како што кажавте минатиот пат да земиме примери други градови, но јас се гордеам што сум жител на град Кавадарци , што сум од советничката група на ВМРО ДПМНЕ , што гласам за закони и за одлуки коишто навистина се во интерес на граѓаните , а сега по сето ова што го направивте не ви е првпат ова е веќе трет пат каде што се игра, пак ќе кажам со чувствата и емоциите на граѓаните дека наводно ние ќе бидеме тие што ќе гласаме некоја висока цена која што тие треба да ја плаќаат . Да му објасниме преку претставници од фирмата , да му објасниме на граѓаните дека таа Регулаторна Комисија донела Тарифник во време од 3 мислам 4 години каде што колку се покачува и да ја видеме колку се покачува цената и зошто е тоа така Ако не е во ред, тогаш обратете се до вашата Влада , бидејќи на секоја седница викате дека ова Влада ова направи, обратете се до нив и прашате зошто Регулаторната Комисија во екот на пандемијата решила да ја покачи, според тој и тој Тарифник цената на водата за пиење и другите услуги коишто ги следуваат и ги спроведува фирмата ЈП Комуналец. Значи јас сум презадоволна како граѓанин и како советник не само вие дека одите , комуницирате, истото и ние тоа го правиме меѓу народот , каде што народот е многу благодарен во однос на хигиената, во однос на водата, да го земиме пример Сопот, овој пат Сопот не го спомнавте, еве јас ќе го спомнам колку се задоволни жителите на село Сопот. Значи досега они пиеја вода со азбесни цевки, а сега имаат и атмосферска канализација и се што треба , се што е вклучено таму направено. Значи дај да не плукаме за нешто што е вредно и нешто што е навистина нешто што го нема во Македонија , а го има во Кавадарци. Ви благодарам.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Е вака колешке прво да почнеме од Регулаторна . Независно тело е , тема таму СДС, ВМРО, независно тело е, си има стручњаци независни Еве вака .Зборујш таму свршен чин, земи го Статутот прочитај дека мое право е и по Статут како сакам да гласам така . Ти че ме убедиш дека граѓаните се да му се каче воата Ај ќе испадниме надвор , питај двујца. Ќе ме убедиш дека тоа е добра политика , да му се каче воата Кај ти чу у мојта дебата ја дека го нападна Комуналец дека ништо не работе . Никаде. Еве има стенограми , нека виат . Никаде. Вака сеа Момент Ќе ми избега мислата Те ислушав, не те прекинуев, ми го спомна Скопје, Шилегов. Ти живеиш ли у Скопје ? Шо толку Шилегов те занима тебе? Мене у опште не ме занима Шилегов Шо знаат нека праат со

Скопје бе . Ѓубре си изнесуеле.Шо треба да праве Комуналец? Равенки да решава? Имаше еден бивш директор на Пелагонија 24 години. Бог да го просте. Знаиш шо викаше , па работа на Градоначалникот е да праве патче , тротоар, такви работи. Шо му е работа на Градоначалникот инаку . Тоа е работата. Да креира политика у градот . За тоа не гласат , за тоа го гласат Градоначалникот Тоа е , така треба да биде. А бе ви , изгледа се заборавите Митко ка ви стана вас кандидат за Градоначалник и ка а доби довербата на Кавадарци. Ви си спуштите завеса Крај. А бе ви мислите ли нели памте овој народ ништо Па ви го доведите Кавадарци у расуо. Па ви знајте.Информирајте се . Секој Управен Одбор на Комуналец му е е тензичен. Ни еднаш едногласна одлука немат донесено. Стално е тензично. Питај. Шо ми спомнујш мене тука ти други градишта , СДСМ , кај ја спомнав ВМРО. Не спомнав нигде. Давам насоки, кај да си видат , не обвинив ја ништо. Давам насоки вијте си . Му бегат парите на друго место.Нек си видат . Имат јавни набавки , правен сектор, имат се. Нека си видат .Никој не го обвинив за ништо Ви реков.Земите си во пишана форма Шо ми спомнуваш мене партија , па штабот . Шо иам веза ја со Штабот и со партијата . Законско било правото, види богати. Шо е законско правото . За минимална цена го блокирате Скопје

**РИСТО САКАЛИЕВ** :Колега доволно е . Истече времето Да одиме со Божанка Минова Повели Божанка .

**БОЖАНКА МИНОВА:** Во Извештајот по, за работата на јавното претпријатие Комуналец сакам да кажам дека видлива е работата на јавното претпријатие Комуналец. Во нашиот град на завидно ниво е хигиената, на завидно ниво е снабдувањето со вода на граѓаните и сите други да не ги набројувам активности коишто ги превзема ова јавно претпријатие и еве да спомнам уште и озеленувањето е така видливо. Не зборам конкретно со бројки, со оглед на тоа дека во Извештајот на јавното претпријатие Комуналец имаме многу фактографски бројки. Значи се направи канализација на таа и таа улица , се изврши озеленување во тој дел на градот , но овдека фали една анализа да се направи, бидејќи јавното претпријатие работи по план и програм , кој што ние како Совет го имаме усвоено и тука фали една анализа, заклучок на крајот од оние фактогравски податоци дека имаме реализација на Програмата 80 посто , 70 посто за да можеме да дебатираме ние колку е реализацијата на Програмата, ако остапува нели прилично од бројките кои што сме ги планирале , зоштоа е тоа така, за да можеме поквалитетна дискусија да имаме . Што се однесува до овој Извештај би сакала да , би сакала да обрнам внимание и на фактот дека таму забележав има ослободување од камати на должниците коишто постапија по

одлуки на Совет . Меѓутоа нема една анализа во која што ќе кажат каков е исходот од наплатата со таквиот потег којшто ние сме го направиле Дали граѓаните се иницирале со тоа да си ги подмират долговите . Дали е тоа 100 посто наплата или 80 посто од таквиот вид на случаиШто ќе ни биде репер за како ние понатаму да постапуваме, нормално и самото јавно претпријатие Комуналец.Значи имам забелешка само во однос на Извештајот да биде покомплетен со заклучоци и малце да биде , да ни даде можност повеќе да дебатираме со бројки.Инаку ваквата работа на Комуналец е резултат на добриот менаџерски тим, а и секако на вработените , коишто оперативно ја вршат работата и јас сум со апел да му се покачи и платата на овие вработени кои што оперативно ја извршуваат работата и тоа квалитетно во последниве неколку години, односно во последните 3 години. Ви благодарам .

**РИСТО САКАЛИЕВ:**Колеги ајде контра едно 60 секунди.Ај колеги да имаме обзир дека и не треба . Се повторуваме . Не ми е згодно , едниот па другиот . Исто и Градоначалникот тоа што го збори

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Е вака
**РИСТО САКАЛИЕВ**: Ај нека биде реплика , не контра реплика . Ајде.
**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Вака го искористив правото . Значи не сум сам . Добро излагање на колешката Божанка . И она по нејното излагање ја гледам дека не е задоволна од Извештајот. За тоа ви реков, земите го во пишана форма .Друго.Ми избега мислата прѓеска Знајте ли дека за 2020 година колку откриени кражби на вода има во Кавадарци? Ќе ви кажам 9 . Врате си го филмот малку поназад ќе виијте колку кражби на вода има Пак ќе речам , 2 поенти ви кажав од Комуналец да си ги проверите . Еве и трета . Активирате си ги службите поагилно да си ја вршат работата. Да си ја заработат платата чесно и поштено . Едини советник сум . Сега и Божанка кажа шо 3 години, може да си ги вратите седниците , зборуам да му се каче платта на општите работници и претходниот Совет кажа. После мојто излагање испадна Градоначалникот кажа дека ќе му даде к-15 .Едини . Едини . Дали сум спасител или не. Сигурно ви не сте .

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Не од место од говорница
**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ:** Ако на некој покачуење на вода од 1 кубик му е малце , не знам земите ја сметката за вода , ќе вијте колку ставки има во неа. Благодарам
**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги вака да се договориме Ние сакаме како што е редот, ќе и дадам на Анита збор, вас ви дадов, реплика, контра реплика по илјада пати Седни овде да видиш како е . Од таму ми препукуваш на секој што зборува по 5 збора . Не е културно да викам на вас Сега колега . Колега вака . Значи сега да одиме како што треба Шо реплика , шо контра

реплика , реплицирам по тоа и тоа, мислам дека не е така . Бараме реплика , држиме говори, предавања уште да . Да одиме редослед Баш у ковид време кога можеме да доприме до нешто непосакувано, ние се утепавме од реплика и контра реплика . За збор колешката . Од место некој ако збори , овде ќе го сместам , ја на негово место, па да виде како .

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател , колеги советници, почитувани граѓани јас сметав дека не треба да земам збор со оглед на тоа што сме у услови на пандемија и што секое задржување ни го загрозуе здравјето , меѓутоа значи неколку совети по ред се користе оваа говорница само за добивање на ситни поени без оглед дали , во поглед на сегашно раководство на некое јавно претпријатие на бивша. Збор Може

САКАЛИЕВ По точките , само по Комуналец, не по. Не збор зима. Но зборот да биде по точките на дневниот ред .

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Збор Ова ..

**РИСТО САКАЛИЕВ**:Расправај го Комуналец ...

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Ова е воведот колега , каде е ...

**РИСТО САКАЛИЕВ:**Го слушаме воведот , колегата шо рекол. Збори по точките

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА**:Значи не слушнав дека колегата Туриманџов го прекинавте , коа збореше 3 пати по ред зема збор Збор се зима еднаш

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Два пати го прекинавте

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА**:За реплика збор , за контра реплика збор. Ќе ве молам да ме остајте да се искажам . Ако вијте дека зборам вон дневниот ред , тогаш прекините ме , не сега . Значи прво и основно во интерес , еве ќе бидам пократка , планирав да го читам дописот од Регулаторна , кој што го доби Општината и кој што сите покушават да ѓо избегнат . Како шо кажа колегата Туриманџов под наводници некаква си казна , некаква си Регулаторна , некаков допис и не е некаков , веќе трет Совет по ред покушаваме да донесиме некаква одлука со цел да ги заштедиме граѓаните од понатамошните непријатности во кои шо ќе ги доведе Регулаторната Комисија . Во интерес на вистината треба да се каже дека Управниот Одбор на јавното претпријатие Комуналец е составен од членови на ВМРО и на СДСМ, во кои СДСМ значи го има мнозинството и ги донесува одлуките . Од таму неколку седници по ред добиваме одлуки за покачување на цената на водата Не ние како советници , не да зимаме ситно, ситни поени дневно политички , да зборујме на чаршијата кој ги спасил граѓаните од покачување , туку да се каже дека носиме одлуки со кои се обидовме два пати по ред да остане истата цена на чинење на водата . Сите советници , не поедини, меѓутоа , тоа очигледно не ни успеа. Треба да се каже фактичка состојба на граѓаните . Доколку и денес не успееме да донесиме одлука , наредно Регулаторната ,

предводена од СДСМ ќе ни формира цена . Ако сега цената на водата на чинење е 17 денари . Што че се случи?Значи во овој допис вика Вие ни пративте иста вода на чинење за наредните 3 години. Тие не се согласуваат со таа вода , со таа цена на чинење и пристапуваат кон одредување на цена на вода на чинење за којашто тие сметаат дека е праведна . Значи што ќе биде ако таа цена Регулаторна од 18 денари ја зголеми на 36 колега Туриманцов? Какви механизми имаме ни тогаш? Ме интересира само тоа да ми одговорите од кога ќе завршам , а сеуште не сум завршила и ќе ве замолам , значи исто така во интерес на граѓаните да се каже дека таа некаква си казна е ако не грешам Градоначалник 30 000 евра така? 30 000 евра , кои што исто така треба граѓаните да ги платат, да ги плате Општината независно или јавното претпријатие Комуналец и кои шо ќе бидат директно земени од џепот на граѓаните . Јас сум далеку од тоа да ја оправдувам Регулаторна . Вие знаете дека јас сум советник од ВМРО ДПМНЕ,а ВМРО ДПМНЕ секој втор ден протестира пред Регулаторна Комисија, меѓутоа ние тука не сме тука за да водиме само ситни политики, демагогии, да билдаме сопствен рејтинг. Тука сме пред се за да ги заштитиме граѓаните . Ако ние не ги заштитиме , како што вие го навредувате менаџерскиот тим на Комуналец. Они мудро ќе си ќутат . Зар не видовте дека не земаа збор?Зошто ќутат? Затоа шо кога ние нема да ја донесиме одлуката, они ќе си чекат од Регулаторна и ќе им стават нив дупла поскапа цена . Значи сега ќе им биде 36 денари, карикирам воата или 40 вода за чинење. Друго би сакала , значи у иднина да не ги спомнујте виќе еве долго време ве слушам , значи луѓе шо не се тука и да го спомнујте претходното, претходниот Градоначалник , претходниот менаџерски тим на Комуналец , значи ние имавме претходен Градоначалник и претходен менаџерски тим на Комуналец кој што работеше со добивка. Имавме најдобро јавно претпријатие . Значи не почнуваа се од сега , немојте да ги негирате успесите и после нас ќе дојде некој друг, ја не викам дека и сега не е успешно , меѓутоа и од 2009 до 2013 тоа јавно претпријатие завршувало со добивка од над 250 000 евра и водата значи како шо кажате и како шо кажа и Градоначалникот беше најниска во Македонија и сеуште е најниска . Ако ја зголеми, ќе ја зголеми Регулаторната Комисија предводена од СДСМ , не од ВМРО ДПМНЕ . Одлуките на Директорот , на менаџерскиот тим, значи секоја одлука ја потврдува Управен Одбор . Таму мнозинство има СДСМ Немојте да го манипулирате, деманипулирате граѓаните .Секое ваше излегување е со намера тука . Значи да се омаловажи некој човек претходно раководство, претходен Градоначалник, претходен директор.Не е во ред. Прво и прво не смејте да зборувате за луѓе кои шо не се присутни овде . Зошто не кажите за успешните проекти на претходниот менаџерскиот тим. Зошто не кажите на грантовите кои што се реализираа и во овој мандат, кои што се добиени како резултат на проекти кои шо претходниот Директор ги

изменаџирал , претходното раководство. Значи треба секоја чест и на сегашното раководство

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колешке само Колешке претходно раководство, претходно ртаководство пред 10 години не ни точка на дневен ред

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Зошто не му кажавте на колегата Туриманџов

**РИСТО САКАЛИЕВ** :Го бркав и него не е културно. Не ми е културно Ти си дама.Те оставив повеќе време . Не е културно сега да те бркам .

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Значи јас

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Збори точно за ова што ти е дадено на дневен ред, претходно раководство

**АНИТА ГИНОВА КАРАКУТОВА:** Значи точно кажав цената на водата на чинење сега е 18 денари пошто колегата Туриманџов кажа дека ние не мора ништо ни да прајме ние како ВМРО ДПМНЕ сме најмалку да се покаче цената . Меѓутоа тоа да го каже у Регулаторната Комисија да не ни ја зголемуваат цената , не тука прикаски празни да си кажујме Ни не ја покачујме , ќе остајме Регулаторна , таму да ни ставе , нема да ни ставе голема цена . Е кога ќе ја видеме цената од Регулаторна , тогаш да излезите тука и да кажите зошто е 30 , 40 , 50 денари цената Благодарам

**РИСТО САКАЛИЕВ** :Колеги вака.Доста е со реплики, контра реплики, ај само ја едно видување како советник да кажам, многу изборевме по. Колега кажавме и ние и они, не мериме на вага Ќе анализирам јас Да зборам јас , ќе му дадам реплика Колеги вака Ај вака , ни не смејме да седиме од 40 минути повеќе . Ние поминавме еден саат . Сакам и јас да зборам околу Комуналец. Значи правам анализа Гориво се истрошило 100 тона и го делам на 300 дена во годината, 300 литра дневно на 50 возила и ние овие помошни машини шо косат и метеле и да рамислам дека е тоа многу малку. Нека го Овој колега не ми се мешај . Ја така размислувам , пошто ја сум работел со градежни машини 30 години, али барам и гледам дека тие машини не работат по 8 саати ради тоа шо се на одржавка и е во нормала горивото. 300 литра на 50 машини , 6 литра на машина дневно и викаш во 6 литра камион треба да пали и гаси нема да работи. Али не работи секој ден , го утовараат , чека , гаси . Тоа е за мене нормална работа Доста знам градежништво, доста имам машини градежни, сум работел, значи тоа е нормална работа и не треба да се фаќаме потрошено многу горивоАко не потрошат ич гориво, ништо нема да работат, нема да има работа Тоа е нормално трошење на гориво по мое . Вие како сакате така Овие моторчиња што косат трава , бензин трошатНе се на Нека го Колега Не ми се мешај у збор. Тоа е мое видување и овие машини шо косат Ти ми се мешаш најмногу и тој Сега ја имам мое видување Одиме по извештај ,одиме по цена Нормално е работењето по нас, нормално било и претходно работење .Комуналец било успешно . Сакам да дајме акцент на тоа да ние тука како колеги да не му се удвараме на граѓаните дека ниска

вода па нема да имат услуга Балансираш, бараш оптимално решение и да има плаќање и да има услови , да работи фирмата и тоа е некое решение што Регулаторна го дала по мое видување , одлуката ми е добра и јас од лично мое видување одлуката ја гласам и ако сум само јас, јас ќе ја гласам , а убедувањето на народот е тоа дека треба народот да добие услуга . Нема покачување 20та нема 21та пола денар , тоа се 10 денари на белешка , не му е на никој покачено вода од 2022 ако му скокне белешката за 10 денари Борбата е само за политичко препукување и поени и од двете страни , ама треба малку и да гледаме поинаку. Слушнав дека вика се краде вода . Секогаш се краде од Комуналец вода и секогаш се наоѓало решение у претходниот мандат малку повеќе , сега помалку . Колега де јас викам , вака викам граѓаните крадат вода , не ти , еве јас викам , али граѓаните кога ќе ги фаниме да крадат вода треба да најдиме регулатива Никој во ваа денешница не заслужува да нема вода да пие . Ако некој има на Витачево куќа и живее на Витачево и нема да купува вода од Кавадарци . Тој заслужува вода , ние сме Совет да најме регулатива, одлука да го фатиме крадецот и да го регулираме и да имаме уште 100 броила , 200, 300 повеќе. Значи наша грешка е Совет и Комуналец ако имаме криди на вода и ние грешката треба да ја бараме во нас Имал див приклучок , заслужува да има вода , врзи му , начин и готово регулатива ќе се најде Колеги вака сега нема пауза Го гласаме овие точки па после пауза Ај да се договориме Ако сакате пауза да се уедначиме со ставовите добро Ако нејќите пауза, ако има некој за збор да бара после мене добро , ако не одиме со гласање, па како. Кои 5 души бараат пауза?Кој 5? Дигни Нека дигнат 5 души рака . Нема никој Одиме со гласање Кој е ЗА?Ами како сега 5 души реков да дигните за пауза. Има ли 5 души за пауза ?Па реков 5 души ако има дигните рака да ви дадам пауза Ја не гледам А бе оди ти биди Претседател сама, ја да идам на твое место Ама треба 5 да дигните рака Ако ми дигните 5 души рака ќе ви даам пауза, ама не гледам 5 души да дигнете рака И Анита двајца 5.Колеги нема пауза Точка број 8 . Да видиме има ли 10 ? Мене контра реплика Колега повели.Чекај да видам само да видам ниму да нема кворум, ако нема кворум ќе чекаш.Има . Ајде колега има Ајде

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:** Може ли?

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колега ајде повели.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ** : Вака Претседателот кажа една небулоза кражба на вода, тоа не сум го спомнал Тука има , снимат камери . Само кажав дека ваа година му се пронајдени 9 приклучока на луѓе шо крадат вода и сеа се враќаме на ноа шо претходното раководство отвори те си ги списковите , ќе вијте дека тоги дневно фаќаа по 9 . Ви дадов на Комуналец , му дадов насока кај да се концентрират . Мислам дека тоа не е грешка Земите си ги, има таму документи стоат , ќе вијте дека бившото раководство дневно по 9 фаќаше диви приклучока Госпоѓата Каракутова

изнесе едно тврдење дека .И твое .Да од твојот говор дека сум го напаѓал претходното раководство на Комуналец.Никаде. Никаде. Биле за народот. Па качите ја воата и ојте протестирате . 2 пати му кажуам дека Регулаторна не е на СДСМ, луѓе независни експерти се тоа Качите ја воата , има те шанси , бијте за народот , палите ги колите и пред Регулаторна . Само да се зборуе глупости лафат , ја напуштија седницата.Благодарам.
**РИСТО САКАЛИЕВ:** Одиме со

**8. Одлука за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.**

Доколку друг нема за збор точката ја ставам на гласање Колеги точката ја ставам на гласање Кој е ЗА?

8 ЗА. Чекаме уште кој ќе дигне ЗА . 8 ЗА. Колеги точката е ставена на гласање , одиме со уште еднаш да ги преброам .

Кој е ЗА? Ајде убаво. Чекај .Ајде уште вија двајца колеги назад. Драганче вие двајца сте ЗА?Чекај Ај нека седнат убаво Колеги вака сега . Седнати ли сите ? Одиме уште еднаш . Кој е ЗА? Анита ? Колку сме ЗА? 11? 11 ЗА Анита ти? 11 ЗА. Де уште еднаш. 3, 6 ,9 ЗА. Ај да видиме ПРОТИВ. Воздржани ? Двајца . Има кворум 11 9 ЗА И двајца воздржани ПРОТИВ нема Одиме со друга точка

**9. Извештај за работењето на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;**

Отварам расправа. Доколку немате збор ја ставам на гласање Кој е ЗА? Едногласно благодарам .

**10.Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01-30.09.2020 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;**

Отварам расправа . За збор Лазар Туриманџов Повели

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ:** Благодарам Претседателе, Почитуван Градоначалник , колеги советници Еве да не испадне дека се е така црно во Комуналец или дека напаѓаме . Значи еден од подобрите примери у Општина Кавадарци за добро работење .Нашите претходници ни оставиле ногу добри работи се овие 4 мини хидроцентрали . Носат голем приход у Општина Кавадарци и комуналното претпријатие . Градоначалникот и неговиот тим мислам дека се изборите Градоначалниче да ијаме повластена цена на струјата , заедно со Владата наша и претходниот Совет мислам дека изгласавме кредит од 350 000 евра ми се чине за Комуналец и Општина Кавадарци да направат 5та мини хидроцентрали. Тоа е добар пример . Значи ако се сака , се може да се направе и ако се има чесни намери . Не сакам оваа седница да биде запамтена по некои неубави работи . Стално може подобро . Стално може поубаво . Сето е у интерес на граѓаните . Благодарам .

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Дали има друг за збор? Доколку нема, точката ја ставам на гласање . Кој е ЗА? 19 ЗА. Едногласно.

**11.Одлука за донација на Синдикалнната организација на ЈП Комуналец КавадарциОдлука за донација на Синдикалната организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;**

Кој е ЗА?Едногласно.

**12.Програма за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен Одбор на Локален Музеј Галерија Кавадарци ;**

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара. Точката ја ставам на гласање . Кој е ЗА? Едногласно.

**13.Извештај со арх.бр.0501-6/20 од 29.10.2020 година, од работата на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2020 година ;**

Отварам расправа . Доколку никој не бара збор ја ставам на гласање . Кој е ЗА? Едногласно.

14. **Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;**

Кој е ЗА? Едногласно.

15. **Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавни патишта;**

Доколку никој не бара збор ја ставам на гласање. Кој е ЗА? Едногласно.

16. **Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како сообраќајни знаци од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци ;**

Кој е ЗА?Едногласно .

17. **Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-383/3 од 27.10.2020 година за давање на трајно користење на движни ствари-арматура флоу сијалици, без надомест ;**

Кој е ЗА? Едногласно.

18. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;**

Отварам расправа. Нема за збор. Кој е ЗА? Едногласно.

19. **Предлог-Одлука за примање донација материјално добро – тампон од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци;**

Кој е ЗА? Едногласно . Благодариме на донаторите ЈА-МИ И Кожувчанка .

Одиме со

**20. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (Пазар)**

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор , ја ставам на гласање. Кој е ЗА? Едногласно.

**21. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште (спорт.сала ООУ„Страшо Пинџур);;**

Кој е ЗА? Едногласно.

**22. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци;;**

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор ја ставам на гласање . Кој е ЗА?

Колеги со ова е исцрпен дневниот ред . Само Градоначалникот сака едно кратко обраќање, веројатно во знак на благодарност.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Почитувани, благодарност за одржаната седница и покрај околностите кои што ги имавме денеска и по ковид мерки и по сите други ситуации. Сакам да појаснам малку на граѓаните на општина Кавадарци дека денеска и покрај сите одлуки кои што ги донесовме на дневниот ред, се донесоа и две клучни одлуки . Едната беше за ослободување од надомест на комунална такса за изградба на зелен пазар . Тоа значи дека одобрението за градење на зелениот пазар е издадено .Ние како Совет, како Општина го ослободивме од плаќање на надомест за комунална такса и уредување и тендерот веќе од наредната недела ќе го распишиме , така да Кавадарци после долго време и после долго поминати години ќе го добие градскиот зелен пазар наредната година со завршеток на нашиот мандат , односно до крај на месец октомври . Исто така тука сакам да додадам уште една позитивна работа за основното општинско училиште Страшо Пинџур, каде што изгласавме денеска за ослободување од надомест за уредување на градежно земјиште за градење на училишна спортска сала . Тоа е за спортската сала во основно општинско училиште Страшо Пинџур . Една благодарност до Министерството за образование и наука . Оваа е инвестиција директно од Министерството по наше барање , по долго натегање во делот на изградба на спортска сала ќе биде по примерот на Тоде Хаџи Тефов изградена спортска сала за потребите на ова основно општинско училиште и сакам само да додадам уште еден

инфраструктурски проект и објект кој што требе веројатно пред вас советниците отприлика за месец дена да се појави како дневен ред на наредната седница . Тоа ќе биде одлука за изградба на спортска сала во основно општинско училиште во село Ваташа Димката Ангелов Габерот. Тоа, таа сала , која шо ќе биде за спортски услови и за училишни потреби , ќе биде изгласана од буџетот на нашата Општина , односно од сопствени средства .Во делот на овој ребаланс кој што го направивме во делот на комуналната изградба досегашното работење на Општина Кавадарци и госпоѓата Минова даде еден осврт на работењето во тој поглед со оглед на ковид ситуацијата , со оглед на намаленоста на раздвижењето на луѓето во делот на купопродажба на недвижен имот , на инвестиции, намалување на обемот на економијата , по однос на ограничување на мерките на ковид, по однос на нашите најмлади луѓе кои што треба да одат на училиште , на онлајн учењето , и тука е намалена економијата во обемот на раздвиженост , исто така намален е обемот во однос на нашите православни веселбикоишто ги имаме свадби, родендени, матурски , така да мислам дека многу економијата ни претрпи во тој дел , меѓутоа успеавме и оваа година да напраиме една комунална изградба , која што над 70 % е веќе реализирана , а очекувам до крајот на годината тоа да помине и над 75 %. Така да мислам дека сите работи кои што денеска ги дискутиравме се од една позитивна гледна точка .Во делот на правењето на Буџетот за наредната 21 година и последна од нашиот мандат , четвртта . Предлог програмата веќе ја усвоивте и ја изгласавте , така да на наредната седница веќе ќе го имате комплетно дневниот ред за комунална и целовкупна изградба и целокупен Буџет за 21 година . Во забелешката од госпоѓата Минова да непредвидуваме повеќе од она што стварно го очекуваме . Тука е на место забелешката , пошто не знајме како ќе ја поминиме оваа зима во делот на ковид условите . Ние како Општина ќе бидиме најобјективни Ќе гледаме да оваа програма биде изградена за најобјективните потреби на граѓаните на Општина Кавадарци и комуналната изграденост . Така да во непродуктивни трошкови и расходи воопшто нема да се впуштаме Едноставно ќе ги намениме сите средства да бидат во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци исто така и јавното претпријатие Комуналец, спремајќи го буџетот за наредната година ќе ги предвиди сите оние останати работи, кои што треба да ги заврши во делот на канализации , водовод и атмосферски пропусти и морам да соопштам и да кажам дека тендерирањето по оној грант кој што го

добивме , преку Министерството за финансии и Светска банка КФ Банка и Министерството за транспорт и врски од 2 200 000 евра пред 2 дена , односно во средата имавме последен консултативен онлајн состанок и дојде во четвртокот надзор од Австрија , кој што ќе ни биде надзор . Очекуваме за месец дена да ги тендерираме целовкупно тие седум проекти за изградба на фекална , атмосферска и водоводна канализација со што после подолго време Кавадарци ќе добие една подобра инфраструктура во делот на атмосферската канализација и при обилни дождови на многу луѓе ќе му ги растеретиме проблемите и семејства кои што ги имаа до сега , така да Кавадарци заликува на еден град,кој што е веќе од модерен карактер, град кој што е на повисоко ниво .И сами знајте дека пред 15 дена го имавме отчетот на тригодишно работење на Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци , каде што нашите програми , кои што ги усвојуваме во целост се завршени и нормално дека за наредната година ќе имаме добри програми и капитални објекти кои што треба да ги завршиме . Сакам да напомнам во однос на ковид кризата која што ја имаме во Општината, во државата , меѓутоа и во цел свет , како советници да еве тука размислиме малку по однос на мерките кои што ни ги препорачува Комисијата за заразни болести , Министерството за здраство во вчерашниот ден беа извршени геометриски снимања и мерења во регионалната болница со проширена дејност Кавадарци . Некаде втора недела од месец декември треба да се отпочне со изградба на дополнителен капацитет на модуларна болница за ковид потребите , односно за инфективно одделение со површина некаде од 1000 м2 . Така да ние сме влезени во Програмата на Министерството за здраство и на Владата. Пак ќе повторам втора недела од месец декември треба да се отпочне со изградба на таа модуларна болница .Еве воа нека биде едно растеретување на граѓаните дека капацитетот во Општина Кавадарци за позитивни од ковид 19 ќе биде на високо ниво . Во моментот добиваме секојдневно Извештај од Директорот на болницата за капацитетите и потребите на болницата. Во моментот имаме 55 легла на двете ковид одделенија Исполнети се околу 39 до 40 , во зависност од денот Иаме слободни капацитети , иаме слободна техничка опрема во делот на кислородни боци , регулатори и морам тука да кажам дека и кадровски сеуште сме потенцијално добри, макар што оптеретени во делот на медицинскиот персонал кој што напорно работи 24 часа .Еве денеска и нашите советници кои што се лекари беа тука , па мораа да заминат, па

пак да се вратат, така да стварно се у една незавидна ситуација во делот со ковидот и да дадам уште еден апел во делот на она што не сакаме да го збориме , а мора да го спомниме . За наредна седница ако треба може и вонредна седница ќе иницијатирам заедно со Јавното претпријатие Комуналец , да за жал оние кои што ги имаме покојни од Ковид 19, да направиме план и програма да немаат дополнителни трошкови од редовните погреби . Значи ова вака невкусно за зборење , меѓутоа , што е дел од нашата реалност .Една, две, три , ајде да ги наречиме жртви од Ковид 19, кои што ги погребуваме на нашите градски гробишта, меѓутоа протоколарно и по протоколи тие имаат малку повеќе трошкови од редовните погреби. Мислам како Општина треба да размислиме , да видеме со ова нека биде задолжување на нашата финансиска служба на јавното претпријатие Комуналец, поготово во секторот на Градската Капела да направат една анализа , што значи нерегуларен погреб или погреб во делот на Ковид 19 , по однос на финансиската конструкција на семејството, кое што веќе го има изгубено покојниот. Така да таа разлика за дополнителни трошкови , мислам дека не треба да биде на терет на семејствата , затоа шо знајме дека имавме ете случај , немил од едно семејство , веќе три лица покојни . Никогаш да не се повтори, меѓутоа мораме ние да водиме грижа и за финансиската конструкција на тие луѓе, пошто вината не ја гледам кај луѓето , оние кои се заразиија од Ковид 19 . Нормално препораките и мерките треба да ги пазиме во максимална гледна точка , но некогаш заразувањето доаѓа и од некои непознати причини , така да ова е пандемија и во вид на пандемија ние мораме да му помагаме на населението . И исто така на таа седница ќе иницијатирам да Општина Кавадарци во соработка со Општина Росоман и Неготино , пошто ние сме регионална болница , ги примаме болните и од Росоман и од Неготино да иницијатираме за купување на дополнителни брзи тестови, кои што веќе се ставени во програмата и во системот на Министерството за здравство како регулани тестови и тестови кои што влегуваат на сила , да иницијатираме да можиме да набавиме, да одвоиме средства за брзи тестови во нашата болница. Ја само еден податок ќе ви дадам . Министерството за здраство има набавено 14 000 теста . Од тие 14 000 теста , 350 се одобрени за Општа Болница Кавадарци , односно регионална болница . По примерот на Општина Битола , еве нема зошто да се срамиме да ја спомниме , вчера Битола донесе Одлука за набавка на дополнителни 2000 брзи тестови за потребите на Општина Битола . Така

да ова нека биде само еден вовед и едно задолжение наредната недела да направиме анализи со стручните служби колку тестови би ни требало дополнителни да можеме нашите луѓе навремено да ги тестираме и навремено ја детектираме оваа пандемија за да бидат во делот на нивното лечење , ајде да кажиме побрзо и да биде минливо , со пократок период, пошто капацитетот е секаде низ Македонија се веќе исцрпени во здраството. Благодарам на сите советници , благодарам за гласањето во делот на препораките на Регулаторната Комисија и како Градоначалник и како човек ве повикувам сите на ниво на Општина Кавадарци и советници и на повисоко ниво пратеници или било кој да ги почитувате државните институции и да ги почитувате препораките на секое Регулативно тело кое што е со Устав и амандман или со било каков начин избрано во нашата држава . Тоа значи дека тоа регулаторно тело ниту е на СДСМ , ниту е на ВМРО. Тоа знаши дека таа Регулаторна Комисија е составена од стручни тела . Како ни беше нас , кога таа истата Регулаторна Комисија ни даде фитинг тарифи за нашите централи? Ни дади 400 000 евра дополнителни средства секоја година во наредните 10, тогаш беше добра комисијата? Така да , таа Комисија е составена од стручни тела , луѓе кои што се компетентни за таа работа и мора да ги почитуваме нивните одлуки врз основа на стручноста Благодарам

**РИСТО САКАЛИЕВ**: Благодариме Градоначалник . Колеги Ви посакувам убав викенд.

**Изготвил : Анета Рамова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**